**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6383 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар

3. **Период опфатен со надзорот**: 10 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 11 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, емитуван на 10 декември 2016 година, на регионално ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, за време на изборниот молк, објави информации, и аудиовизуелен материјал поврзан со учесници во изборите.

На 10.12.2016 година, се репризирани вестите на македонски и на албански јазик од 09.12.2016 година, во кои е емитуван прилог за завршните активности на неколку учесници во изборниот процес: Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др., Коалиција СДСМ и др., ДУИ и ДПА.

**10.12.2016**

| Период на емитување | Опис |
|---|---|
| Вести на македонски јазик<br>Период на емитување на прилогот: 09:03:01 – 09:04:25 | Емитуван е прилог во вестите за завршните активности на неколку учесници во изборниот процес: Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др., Коалиција СДСМ и др., ДУИ и ДПА. |
| Вести на албански јазик<br>Период на емитување на прилогот: 00:14:24 - 00:15:32 | Емитуван е прилог во вестите за завршните активности на неколку учесници во изборниот процес: Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др., Коалиција СДСМ и др., ДУИ и ДПА. |

***Сектор за програмски работи***